European Union Kosovo

SHAR MOUNTAIN
NATURE & CULTURE



# Црква Св. Богородица

Црквата Св. Богородица, изградена во 1326 година, е одличен пример за византиски стил и архитектонска традиција. Оваа црква е три корабна црква со осмоаголна купола на западната страна. Под западниот влез (врата) има прекрасен иконостас изработен од мајстор копаничар од Мијаците. Црквата има три слоја фрески. Првиот и најдолниот слој се од првиот пат на изградбата, вториот и средниот се додадени некаде во 17 век, а третиот и горниот слој се додадени во 1879 година. Неколку мермерни столба од оригиналната црква сѐ уште може да се видат во Музејот во Тетово. Манастирските конаци биле преуредени околу 1818 година, кога била основана библиотеката, а Манастирот Лешок станал литературен и едукативен центар.

Наоѓајќи се на 638 метри надморска височина, лоцирана на југоисточната страна на Шар Планина. Црквата се наоѓа во манастирот Лешок, во близина на селото Лешок во општина Теарце, Северна Македонија.

**Црквата може да се посети како дел од Патеката на Кулите**

*Оваа публикација е изработена со помош на Европската Унија, во рамките на проектот „Поддршка на регионалниот туристички потенцијал“, Договор за грант бр. 2018 / 396-513. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на спроведувачките организации и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.*

Спроведен од